# ПРАВИЛА ЗА УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТОТ

**Интернетот е корисен ако знаеш да го употребуваш правилно. На него можеш брзо и лесно да дознаеш многу работи кои те интересираат. Мнозина тинејџери играат игри или се допишуваат со другарите. Интернетот е корисен бидејќи можеш да ги делиш информациите и искуствата со твоите врсници, да телефонираш бесплатно со роднините во странство или да видиш кој победил на натпреварот што те интересира. Ако внимаваш и ако играш правилно, интернетот може да биде безбедно и пријатно место. Како да го постигнеш тоа?**

## Внимавај какви информации даваш за себе

Име и презиме, адреса, мејл, број на телефон, името на миленичето, името на твојот брат или сестра... се прашања на кои треба да одговориш на многу социјални мрежи. Најважно е да знаеш дека секогаш треба да внимаваш кога и каде ги даваш твоите лични податоци. Кога пишуваш за себе, пишувај што поопшто. Не обрнувај внимание на тоа што пишуваат другите и не го следи нивниот пример.



## Чувај ја лозинката

Лозинката има смисла само ако е тајна и ако за неа не знае никој друг. Доколку не е така, некој може да ти го украде идентитетот и во твое име да им пишува на другите. Се случува кога некој ти е лут, а ја знае твојата лозинка, да почне да се служи со твојот мејл или профил и да пишува што сака. Затоа чувај ја лозинката само за себе и запомни ја, не запишувај ја на места каде што секој може да ја прочита.

## Чувај ги твоите лични податоци

Со тоа што ги чуваш твоите лични податоци, ги чуваш и луѓето околу себе. Замисли што може да се случи ако некој успее да ти го украде идентитетот и бара од твоите пријатели да направат нешто. Пред да напишеш некоја порака или да објавиш фотографии, запрашај се дали ќе повредиш некого со тоа или дали личноста за која тоа го правиш ќе се согласи со објавувањето. Ако еднаш објавиш некој податок или фотографија на интернет, тоа останува и повеќе немаш никаква контрола над тоа.



## Запрашај се кој е кој

Некој за да се направи важен на фејсбук може да отвори профил со име на некој твој другар или другарка. Ќе почне да праќа покани за пријателство на некои блиски и да се допишува со нив. Потоа ќе почне да ги открива сите тајни, а кога ќе му се здосади, можеби и ќе признае дека се крие под лажно име. Затоа никогаш не верувај во тоа која личност се крие зад името на чет, па дури и зад името и презимето на профилите на Фејсбук. Имај го ова на ум!

## ЗАПОМНИ!

**Знаеш ли сигурно да патуваш во виртуелниот свет? Ако знаеш, тогаш сигурно веќе ги имаш научено основните правила за пребарување на интернет.**

* Кога си на интернет, никогаш не оставај лични податоци како што се: име и презиме, домашна адреса, телефонски број (фиксен и мобилен), лозинките на другите сервиси, имиња на членови на твоето семејство, број на пасош или број на кредитните картички на твоите родители.
Повеќето безопасни сервиси и нема да го бараат ова од тебе, но ако наидеш на страница на која од тебе се бараат лични податоци, тоа е знак дека нешто не е во ред.

* Виртуелните пријателства чувај ги во виртуелниот свет. Со „пријателите“ со кои се познаваш само преку интернет, продолжи ја комуникацијата само онлајн. Запознавањето во живо секогаш е ризично, бидејќи интернетот дава огромни можности за лажно претставување.

Подготви: М. С.

Во соработка со

Дирекција за заштита на личните податоци

## ДАЛИ ЗНАЕШ?

Според Дирекцијата за заштита на личните податоци, пристапот до веб-страниците, форумите или групите за дискусии треба да е слободен, без обврска да се идентификуваш, или ако е веќе потребно, тоа направи го со псевдоним.





## И ОВА ТРЕБА ДА СЕ ЗНАЕ

Секогаш кога бараат од тебе да се идентификуваш на интернет, треба да знаеш:

– Кои прашања се задолжителни, а кои не се и за која цел ќе бидат употребени вашите одговори.

– Веб-страниците не смеат да бараат податоци од малолетни лица без согласност на нивните родители.

– Никогаш не давај ја лозинката, користи ја само за да се поврзеш на интернет.